**ОГЛАС**

Датум на објава: 06.08.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Преку медиумска писменост до подобрени локални младински политики", објавува оглас за изработка на кратка видео порака согласно целите и потребите на проектот.

Имено, во рамките на проектот предвидено е младите во соработка со локалните медиуми да ги повикаат локалните власти да обрнат поголемо внимание на нивните потреби, но и да ги вклучат во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки.

Самото видео треба да ги содржи пораките на учесниците во истото, но главните потреби на младите во општините Куманово и Старо Нагоричане, а преку видеото да се поканат и надлежните локални власти да седнат на иста маса со младите сограѓани. Видеото ќе биде дел од кампањата која што ќе се спроведува на социјалните и електронски медиуми со оглед на моменталната состојба предизвикана од Ковид 19.

Видеото треба да биде со максимална должина од 3 минути.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

**2.1 Пошироката јавност и локалните власти запознаени со потребите за социјална и економска инклузија на младите од руралните средини**

Кандидатите-правни лица кои што се заинтересирани за повикот треба да доставаат писмо за интерес најдоцна до **14 август 2020 година** **во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*Проектот* "Со медиумска писменост до подобрени локални младински политики" *е ре-грантиран во рамките на проектот за младинско изразување* (Youth Expression Project) кој што е *финансиски поддржан од Европската Унија, а се спроведува од Младински образовен форум во соработка со Младински сојуз Крушево и Центарот за балканска соработка – ЛЪОЈА.*

Овој проекте финансиран од Европската Унија
.